**Македонија - мај, 2009 посета на тимот на ММФ: прелиминарни видувања**
Скопје, мај 14, 2009

Тимот на ММФ предводен од г-динот Вес МекГру престојуваше во Скопје од 7. до 14.мај во редовна посета. Целта на посетата беше да се оценат економските и финансиските услови и заедно со властите да се дискутираат економските политики. Тимот би сакал да се заблагодари на властите на Македонија за нивното искрено гостопримство и за отворените дискусии.

**Економијата остро забавува по нивото на рапиден пораст минатата година**. Слично како со многу други земји од регионов глобалната економска контракција како и острото намалување на долговите на западните банки имаа негативен одраз врз економијата како резултат на опаѓачката побарувачка за извоз како и поскудното екстерно финансирање. Овие негативни фактори веројатно ќе доведат до контракција на растежот на годинешниов БДП и единствено до постепено заздравување следната година иако засега е многу тешко со сигурност да се предвиди колку брзо може да се поврати глобалниот растеж.

**Економскиот пад имаше негативен одраз врз фискалните приходи.** Ребалансот на буџетот на владата, кој ги намалува трошоците како одговор на опаѓачките приходи, е чекор во правилната насока. Доколку приходите паднат под нивото претпоставено со ребалансот на буџетот заради подзапирањето на економската активност, дополнителни мерки за постигнување на таргетираниот фискален дефицит може да бидат неопходни.

**Платниот биланс веројатно ќе биде предизвикот за Македонија оваа година.** Извозот и приватните трансфери кои опаѓаат го отежнуваат значителното намалување на дефицитот на тековната сметка, додека пак истовремено се забавија странските директни инвестиции како и останатите капитални приливи. Како светскиот растеж постепено ќе покажува знаци на заживување соодветно овие притисоци ќе се намалуваат. Во меѓувреме, властите би требало да бидат подготвени за преземање дополнителни мерки доколку биде неопходно.

**Намалувањето на инфлацијата, од преку 8 проценти минатата година на скоро 0 процент сега е добредојдено случување.**

**Ние сме воедно охрабрени од фактот дека банкарскиот систем се покажува како релативно здрав.** Кредитниот растеж веројатно значително ќе забави споредено со минатогодишниот брз растеж со оглед дека банките се соочуваат со позатегнати ликвидносни услови; меѓутоа, нивните биланси изгледаат доволно силни да го надминат надолниот тренд без поголеми повреди. Се разбира, претпазливоста е секогаш потребна, така што властите би требало правовремено да одговорат на појавата на евентуални проблеми.

**Фондот останува подготвен да и помогне на Македонија на начин кој е од најголема корист.** Фондот останува подготвен да разговара со властите за условите за техничка помош, совет за политиките како и за финансиската поткрепа.